Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во рамки на проектот *„Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан“* финансиски поддржан од Европската Унија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување грантови на граѓански организации за спроведување акции за заштита на животната средина**

## 1. За проектот

1.1. Проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан“ (во понатамошниот текст Проектот) е акција финансиски поддржана од Европската Унија во рамки на програмата EU Support to Civil Society and Media Organisations in the Republic of North Macedonia, IPA Civil Society Facility Programme 2022-2023. Проектот се спроведува во периодот од 1 јануари 2024 година до 1 јануари 2027 година од страна на Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42.

1.2. Тргнувајќи од предизвиците во спроведувањето на законодавството од областа на животната средина и усогласеноста со Директивите за оцена на влијанието врз животната средина и стратегиска оцена на животната средина, спроведувањето на Зелената Агенда за Западен Балкан, вклучувајќи го и влијанието на казненото право во обезбедување поголема заштита на животната средина, **општата цел** на проектот е да се зајакне владеењето на правото во животната средина, особено во борбата против еколошките злосторства и други сериозни прекршоци преку ефективно административно и кривично спроведување во согласност со стандардите на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан.

1.3. Проектот ќе ја постигне општата цел преку:

- Подобрување на спроведувањето на законодавството за животна средина преку редовни процени на влијанието на законодавството
- Подобрување на капацитетите за спроведување на законот за животна средина на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, судството и Државниот инспекторат за животна средина
- Зајакнување на соработката меѓу граѓанските организации, академијата, медиумите, државните институции и приватниот сектор за да се влијае врз јавните политики и донесувањето одлуки за животната средина
- Зајакнување на капацитетите на локалните и основните граѓански организации со цел следење на заштитата на животната средина и реагирање до надлежните институции

1.4. Во рамки на зајакнувањето на капацитетите на локалните grass root граѓански организации, проектот предвидува финансиска и менторска поддршка на граѓански организации за спроведување конкретни иницијативи поврзани со следење на заштитата на животната средина и искористување на институционалните правни механизми за адресирање на предизвиците.

## 2. Цели и приоритетни области на повикот за доделување грантови

2.1. Грантовите се наменети за проекти кои непосредно придонесуваат кон остварување на целите и резултатите на овој повик.

2.2. **Општата цел** на проектот е да се зајакне владеењето на правото во животната средина, особено во борбата против еколошките злосторства и други сериозни прекршоци преку ефективно административно и кривично спроведување во согласност со стандардите на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан.

2.3. Акциите мора да потпаѓаат под **најмалку една од следниве приоритетни области:**

(1) Следење и реагирање (***watchdog активности***) за спроведување на законодавството поврзано со животната средина и превенција на кривични дела против животната средина на локално ниво;

(2) Спроведување заеднички иницијативи преку партнерство со различните нивоа на власт и/или бизнис секторот за конкретни зелени активности;

(3) Застапување за специфични *"горливи"* прашања од областа на животна средина кои се однесуваат на 5те области од Зелената Агенда за Западен Балкан: (1) климатска акција, вклучувајќи декарбонизација, енергетика и мобилност, (2) циркуларна економија, освврнувајќи се особено на отпадот, рециклирањето, одржливото производство и ефикасното користење на ресурси, (3) биодиверзитет, со цел заштита и обновување на природното богатство на регионот, (4) борба против загадување на воздухот, водата и почвите и (5) одржливи системи за храна и рурални области.

2.4 Предложените акции треба да **придонесат кон остварување на следниве резултати:**

- Зголемено вклучување на граѓанските организации за прашања поврзани со животната средина и идентификувани како приоритетни области во Зелената Агенда за Западен Балкан;
- Зајакнати капацитети на граѓанските организации за застапување пред различните нивоа на власт за проблеми поврзани со животната средина;
- Идентификувани и адресирани проблеми поврзани со животната средина, применувајќи го пристапот заснован на човекови права;
- Креирани јавни политики поврзани со заштитата на животната средина засновани на докази;
- Зголемена транспарентност на локалната и централната власт;
- Зголемена вклученост на населението во процеси на креирање политики на локално и централно ниво поврзани со заштитата на животната средина;
- Воспоставена соработка со останати граѓански организации, локална и централна власт и други релевантни чинители за развој на заедницата.

2.5. Илустративна листа на активности со кои може да се аплицира на овој повик вклучува:

- Активности за мобилизација на населението и застапување (петиции, иницијативи, форуми, кампањи итн.) за решавање на специфични проблеми поврзани со животната средина и кривични дела против животната средина кои се јавуваат во локалните заедници;
- Активности насочени кон иницирање или овозможување механизми за учество на граѓаните за заштита на животна средина на локално или централно ниво, урбанистичко планирање, управување со отпад и зелена економија;

- Иновативни активности поврзани со граѓански иницијативи за подобрување на управувањето, зголемување на транспарентноста, ефикасноста и сервисна ориентација на властите за заштита на животната средина;
- Активности за стимулирање на користењето на социјалните медиуми како алатка за зголемување на транспарентноста, комуникацијата и видливоста на заштитата на животната средина;
- Активности за мониторинг и следење (watchdog), подготовка на извештаи, политики (policy) – истражувања, анализи за предизвици, празнини и потреби;
- Фасилитирање на соработката помеѓу локалната и централната власт, граѓанското општество, бизнис секторот и други чинители за креирање на нови пристапи за воведување циркуларна економија.

Видовите активности со кои може да се аплицира на овој јавен повик, не се ограничува само на наведените.

## 3. Услови за учество на повикот

3.1 На повикот можат да се пријават граѓански организации кои ги исполнуваат следниве услови:
- Непрофитна организација регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации во Република Северна Македонија најмалку една година пред објавувањето на овој повик;
- Да се директно одговорни за подготовката, управувањето и спроведувањето со проектот, а не да дејствуваат преку посредник;
- Вкупните годишни приходи остварени за 2023 година да не надминуваат износ од 100.000 евра во денарска противвредност годишно;
- Организацијата да не користи оперативен грант од Европска Унија.

3.2 Пријавите може да бидат поднесени **единствено самостојно.**

3.3 Подносителот на апликација **не може** да достави повеќе од една апликација. Организацијата **не може да добие повеќе од еден грант**.

**3.4 *Времето за спроведување на проектот не може да биде пократко од шест месеци и подолго од една година.*** Проектите треба да се спроведат од 1 април 2025 до 31 март 2026 година.

3.5 Вкупниот фонд за поддршка е 87.500 EUR. ***Максималниот износ на грантот не може да биде поголем од 12.500 EUR*** во денарска противвредност*.*

3.6 Обезбедување средства од други или сопствени извори (кофинансирање) за спроведување на предлог акцијата се охрабрува но не е задолжително.

3.7 Следниве видови активноси **<u>не се подобни за поддршка</u>** во рамки на овој повик:
- Проекти за поддршка на политички партии и активности;
- Инфраструктурни активности;
- Активности за кои веќе е обезбедена поддршка од други извори;
- Индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;

- Индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;
- Ретроактивно финансирање за проект кој е веќе спроведен или завршен;
- Хуманитарни активности;
- Дејствија што дискриминираат поединци или групи на лица врз основа на нивниот пол, сексуална ориентација, верски убедувања или нивното етничко потекло;
- Финансиска поддршка на трети страни.

3.8 Трошоци за ДДВ не се признаваат. Подносителите на пријавите кои ќе бидат избрани ќе бидат обврзани да спроведуват постапка за ослободување од ДДВ по упатства од МЗМП.

## 4. Постапка за поднесување на пријава

4.1 Пријавата за грант се состои од:
- Образец за пријавување (Прилог 1) и
- Образец за предлог-буџет (Прилог 2).

4.2 Во прилог на пријавата задолжително се доставуваат и:

- Тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци;
- Кратки биографии за персоналот кој што ќе биде вклучен во проектот;
- Годишен наративен извештај за работа за 2023 година.
- Финансиски извештај (Биланс на приходи) за 2023 година. Ако вкупниот приход на организацијата е под 2.500 евра треба да ја достават изјава дека не доставиле годишна сметка.
- Статут и тековна програма или стратешки документ на организацијата.

4.3. Пријавата треба да биде целосна, пополнета согласно упатствата дадени во обрасците и да ги вклучува сите потребни дополнителни документи. **Нецелосните пријави нема да бидат земени предвид при оценувањето и ќе бидат отфрлени.**

4.4. Целосните пријави мора да бидат поднесени во електронска форма (дигитално пополнети) на македонски јазик. **Делот од пријавата кој има потпис и печат се доствува скениран во посебен документ.**

4.5 Пријавите се доставуваат **по електронски пат** на следната адреса: contact@myla.org.mk **најдоцна до 31.1.2025 година, 23:59 ч. со назнака на „Пријава за повик за грантови за спроведување акции за заштита на животната средина“. Ненавремените пријави нема да бидат земени во предвид при оценувањето и ќе бидат отфрлени.**

4.6. При доставување на пријавата за грант и придружните документи кон истата, организациите треба да ги имаат предвид и да ги почитуваат правилата на софтверите за дигитална безбедност. Доставувањето на пријавата за грант и придружните документи е **единствена одговорност на апликантот** и Македонското здружение на млади правници не ја сноси одговорноста доколку, поради несоодветноста на начинот на доставување на пријавата, истата, поради софтверите за дигитална безбедност кои ги применува Македонското здружение на млади правници, **не се прикажат на мејл адресата на која се доставуваат пријавите**.

## 5. Услови и постапка за оценување и избор на примените пријави

5.1. Постапката за оценување на пријавата се состои од две фази, административна проверка и евалуација на пријавата. Само пријавите кои ќе ја поминат административната проверка ќе бидат евалуирани од страна на евалуациона комисија.

***Административна проверка***

5.2. При административната проверка се врши проверка на исполнувањето на следниве услови:

- Навременост на пријавата;
- Комплетност на пријавата;
- Правилно пополнување на пријавата; и
- Дали се исполнети условите од дел 3 од овој повик.

Доколку пријавата не ги задоволи овие услови ќе биде отфрлена и за тоа ќе биде известен апликантот.

5.3. Административната проверка ја спроведува комисија во состав од менаџерот за застапување и поддршка на ГО, финансискиот и административниот асистент на проектот и трето лице именувано од ЦПИА.

***Евалуација на пријавите***

5.4. Пријавите кои ќе ја поминат фазата на административна проверка ќе бидат евалуирани од страна на евалуациона комисија сочинета од три членови, номинирани од партнерските организации. Во Комисијата за евалуација на пријавите не може да учествува лице кое ја вршело административната проверка.

5.5. Евалуацијата опфаќа оценката на квалитетот на поднесените пријави и се спроведува врз основа на оценка дали и во колкава мерка пријавите ги задоволуваат критериумите идентификувани во рамката за евалуација.

**Рамка за евалуација**

| **1. Релевантност** | **Макс. 30** |
|---|---|
| 1.1 Колку е релевантен предлог проектот за целите и приоритетите на повикот за грантови? Дали очекуваните резултати од проектот придонесуваат за остварување на резултатите на повикот? | 5*2 |
| 1.2 Колку е релевантен предлог проектот за посебните потреби и ограничувања на целните групи, местата каде ќе се спроведува како и во одредени сектори? Дали предлог проектот е во синергија со други процеси и дали е избегнато дуплирање на активностите? | 5*2 |
| 1.3 Колку јасно и прецизно се дефинирани и стратешки избрани вклучените субјекти (крајни корисници, целни групи)? Дали нивните потреби (како иматели на права/или носители на обврски) и ограничувања се јасно идентификувани и дали предлог проектот ги адресира нив соодветно? | 5*2 |

| **2. Квалитет, ефикасност и остварливост на планираните активности** | **Макс. 30** |
|---|---|
| 2.1 Дали предлог-проектот ги идентификува резултатите кои треба да се постигнат со акцијата. Дали предложените активности е соодветни, спроведливи и конзистенти со очекуваните резултати? | 5*2 |
| 2.2 Дали планот со активности е јасен и спроведлив. Дали временската рамка е реалистична? | 5*2 |
| 2.3 Дали активноста ќе има значително влијание на целните групи? | 5 |
| 2.4 Дали очекуваните резултати на проектот се одржливи (финансиски, институционално, на ниво на политика и на ниво на животна средина) | 5 |
| **3. Капацитет и искуство на организацијата** | **Макс. 20** |
| 3.1 Дали апликантите имаат доволно искуство во областа на управување со проектит? Дали апликантите располагаат со капацитет за спроведување на проектот (персонал, опрема итн,). Доколку предложениот персонал влегува во категоријата млади ќе се смета за предност. | 5*2 |
| 3.2 Дали апликантите имаат доволно техничко знаење и искуство во областа за која се однесува проектот (специфично знаење за проблемите кои треба да се адресираат) | 5*2 |
| **4. Реалистичност на буџет** | **Макс. 20** |
| 4.1 Дали активностите се соодветно претставени во буџетот? | 5*2 |
| 4.4 Дали буџетот е реалистичен? Дали предвидените трошоци се во согласно со вообичаената пазарна вредност на добрата и услугите кои се планирани да се набават. | 5*2 |

5.6. Секоја пријава се оценува одделно за секој критериум со оценка од 1 – 5 во зависниот од тоа во колкава мера е исполнет тој критериум при што секоја од оценките го има следново значење:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е задоволен овој услов | Не е доволно задоволен овој услов | Донекаде е задоволен овој услов | Во голема мерка е задоволен овој услов | Целосно е задоволен овој услов |

5.7. Врз основа на спроведениот процес на евалуација ќе биде изработена ранг листа на примените пријави. При рангирањето ќе се обезбеди соодветна вклученост на организации од сите региони како и организации од рурални подрачја и помали урбани средини.

5.8. Во согласност со расположливиот буџет соодветно рангираните пријави ќе бидат пред-селектирани за склучување на договор за грант. За пријавите кои нема да бидат пред-селектирани ќе биде испратено известување до апликантите со информација за постигнатите бодови.

***Постапка за избор и склучување договор***

5.9. Апликантите чии пријави ќе бидат селектирани ќе бидат писмено известени за изборот. МЗМП го задржува правото доколку има потреба да се извршат одредени корекции во поднесениот образец за пријавување и предлог-буџетот (*Процес на преговарање*).

5.10. По завршувањето на процесот на преговарање ќе биде склучен договор за грант со апликантот и ќе бидат дадени насоки за спроведување на постапка за ослободување од ДДВ.

## 6.Обврски на подносителите на пријавите кои ќе бидат избрани за поддршка

6.1 Успешните апликанти се обврзуваат да се вклучат и во други активности, дел од проектот како целина, организирани и спроведени од МЗМП и партнерите, односно:

- Да учествуваат во проценка на капацитетите на организацијата;
- Да учествуваат во серија на обуки за јакнење на капацитетите и знаењата;
- Да обезбедат соодветни информации, сведоштва, изјави и сл. заради потреба од промоција на резултатите од проектот;
- Да подлежат на менторство за време на спроведување на проектните активности;
- Да покажат интерес и подготвеност да ги пренесуваат своите стекнати знаења во рамки на активности и настани за вмрежување со цел споделување искуства и најдобри практики за поголем ангажман во политиките за животна средина;
- Да присуствуваат на координативни средби организирани од донаторот;
- Да доставуваат планови на активности и извештаи (наративни и финансиски) во интервали дефинирани со договорот за грант

6.2 Менторска поддршка - Грантистите ќе добијат менторска поддршка во процесот на имплементација на проектите. На секоја организација ќе и биде назначен ментор. Менторот и проектниот тим ќе осигура дека проектите се спроведуваат правилно и внимателно, со сите добри практики за управување со проекти и активности за застапување. Менторот и проектниот тим ќе бидат достапни за консултации, редовно и навремено ќе ги проверуваат начинот на спроведување на активностите и изготвените документи.

6.3 Тренинг програма - Со цел да се зајакнат организациските капацитети на селектираните грантисти ќе се спроведе сеопфатна програма со обуки составена од три компоненти: 1) Застапување за животна средина (подобрување на вештините за застапување и лобирање, јавен дијалог, односи со медиумите, подигање на свеста, спроведување јавни кампањи; 2) Организациски развој (менаџмент на персонал, финансии, стратешко планирање); 3) Прибирање средства и финансиско работење (финансиско планирање, сметководство, финансиски менаџмент).

## 7. Етички клаузули задолжителни за подносителите на пријавите

***Отсуство на судир на интереси***

7.1 Апликантот не смее да биде засегнат од каков било судир на интереси и не смее да има сличен однос со другите апликанти или страни вклучени во акцијата. Секој обид на апликантот да добие доверлива информација, да склучи незаконски договори со конкуренти или да влијае врз евалуационата комисија за време на процесот на испитување, разјаснување, проценка и споредување на апликациите, ќе доведе до одбивање на неговата апликација.

***Почитување на човековите права, како и на законодавството за животна средина и основните стандарди за труд***

7.2 Апликантот и лицата кои истапуваат во негово име мора да ги почитуваат човековите права. Особено и во согласност со важечкиот акт, апликантите на кои им се доделени договори мора да го почитуваат законодавството за животна средина, вклучително мултилатерални договори за животна средина и основните работни стандарди, кои се применливи и дефинирани во релевантните конвенции на Меѓународната организација на трудот (како што се конвенциите за слободата на здружување и колективните договори; елиминирање на присилната и задолжителната работа; укинување на детскиот труд).

### *Нулта толеранција за сексуална експлоатација, злоупотреба и вознемирување*

7.3 Македонското здружение на млади правници применува политика на “нула толеранција” во однос на сите погрешни постапки што имаат влијание врз професионалниот кредибилитет на апликантот. Забрането е физичко малтретирање или казнување или закани за физичко малтретирање, сексуално злоставување или експлоатација, вознемирување и вербално малтретирање, како и други форми на заплашување.

### *Антикорупција и мито*

7.4 Апликантот треба да ги почитува сите применливи закони, регулативи и кодекси во врска со мито и анти-корупција. Македонското здружение на млади правници го задржува правото да го суспендира или откаже финансирањето на проектот доколку се откријат коруптивни практики од каков било вид во која било фаза од процесот на доделување или за време на извршување на договорот и доколку апликантот не ги преземе сите соодветни мерки за да ја поправи ситуацијата. За целите на оваа одредба, „коруптивни практики“ се понуда на мито, подарок, благодарност или провизија на кое било лице како поттик или награда за извршување или воздржување од какво било дело во врска со доделување на договор или извршување на договор веќе склучен со договорниот орган.

### *Невообичаени комерцијални трошоци*

7.5 Пријавите ќе бидат одбиени или договорите ќе бидат раскинати доколку се покаже дека доделувањето или извршувањето на договорот довело до невообичаени комерцијални трошоци. Таквите невообичаени комерцијални трошоци се провизии што не се споменати во главниот договор или не произлегуваат од правилно склучен договор што се однесува на главниот договор, провизии што не се плаќаат за возврат за каква било вистинска и легитимна услуга, провизии што се испраќаат во држави кои се сметаат за „даночен рај“, провизии платени на прималел кој не е јасно идентификуван или провизии исплатени на компанија која наликува на фиктивна компанија.

### *Прекршување на обврските, неправилности или измама*

7.6 Договорниот орган го задржува правото да ја прекине или откаже постапката, доколку се докаже дека постапката за доделување е предмет на прекршување на обврските, неправилности или измама. Доколку по доделувањето на договорот се откријат прекршувања на обврските, неправилности или измама, договорниот орган може да се воздржи од склучување на договорот.

## 8. Упатство за буџетирање

### *Основни информации за буџет*

**8.1** Секоја од петте буџетски категории дадени во формуларот за буџет содржи трошоци за вашиот проект/грант. Оценете најдобро што можете на која буџетска категорија ѝ припаѓа секој поединечен трошок. Не заборавајте дека во бараните износи треба да ги вклучите и даноците, освен ДДВ кој не треба да биде вклучен во буџетот. Ваша обврска е да ги плаќате сите даноци во согласност со законите на Република Северна Македонија

освен ДДВ за кој, со асистенција на Македонско здружение на млади правници, ќе спроведете постапка за ослободување по основ на донација од странство во Секретаријатот за Европски прашања (СЕП). Буџетот треба да биде пресметан во денари (МКД).

***Буџетски ставки***

**8.2**

- <u>Човечки ресурси</u>

Во оваа буџетска категорија треба да вклучите трошоци за сите лица кои се вработени во проектот. **Како трошоци за плати може да се вклучат исклучиво исплаќања врз основа на договор за вработување, вклучително даноци и придонеси за социјално и здравствено осигурување, во согласност со постоечките македонски закони**. Во оваа категорија не можат да се вклучат трошоци за лица за кои се предвидени хонорари и договори за надворешни професионални услуги, трошоци за лица кои работат врз основа на школарини и стипендии. Доколку членовите на тимот не се предвидува да работат 100% на овој проект, Ве молиме да наведете во проценти, време и плата која ќе биде покриена од овој проект, во заграда веднаш по наведувањето на позицијата во буџетот. Износот предвиден за оваа буџетска категорија треба да биде разумен и да не надминува 30% од вкупниот износ на буџетот.

- <u>Трошоци за канцеларија</u>

Во оваа буџетска категорија треба да вклучите трошоци како што се наемнина, телекомуникациски трошоци, канцелариски материјали, комунални услуги (електрична енергија, греење, вода), одржување, печатење и копирање, банкарски трошоци итн. Износот предвиден за оваа буџетска категорија треба да биде разумен и да не надминува 10% од вкупниот износ на буџетот.

- <u>Патни трошоци</u>

Во оваа буџетска категорија треба да вклучите трошоци како што се билети за автобус/воз (за организирање на јавни настани), трошоци за локален транспорт (такси) и гориво. Специфицирајте го износот за билети или пак километри (пр. по километар по XX ден.).

- <u>Надоместоци за соработници, експерти, обучувачи</u>

Во оваа буџетска категорија треба да вклучите трошоци како што се хонорари за лица ангажирани врз основа на договори. Тоа може да бидат експерти, консултанти, сметководители итн.

<u>-Друго/Директни трошоци поврзани со активностите</u>

Во оваа буџетска категорија треба да вклучите трошоци поврзани со активностите на проектот како што се организирање на работилници, обуки, настани. Тука спаѓаат трошоците за сместување, храна, освежување, изнајмување на простор, изнајмување на аудио и видео опрема, опрема за толкување итн. Во оваа категорија треба да ги вклучите и трошоците за издавање, печатење и копирање на материјали кои се поврзани со проектните активности (брошури, прирачници, флаери итн.). Се поттикнува намалување на создавање на отпад, односно зголемено користење на ИКТ технологиите и намалување на печатење. Сите печатени материјали мора да бидат од рециклирана хартија.

***Оправданост на буџетот***

**8.3** Освен Буџетот, секој апликант задолжително мора да го пополни и работниот лист Оправданост на буџетот. Овој работен лист е клучен документ. Образецот за оправдување има за цел да даде детално и точно објаснување зошто буџетските ставки се суштински за постигнување на целта на проектот. Имајте во предвид дека од оправданоста на буџетските ставки може да зависи одобрувањето на вашиот проект/грант. Ве молиме обезбедете детално објаснување за да го поткрепите вашиот предлог - буџет. Опишете ги

информациите и методите кои се користат за утврдување на износите на единечните трошоци и објаснете ги формулите за пресметка.

### Прифатливи и неприфатливи трошоци

**8.4** Само „прифатливи трошоци“ можат да бидат покриени со грантот. Категориите на трошоци што се подобни и не-подобни наведени подолу. Буџетот е и проценка на трошоците и највисокиот износ за „подобни трошоци“.

## 9. Индикативна временска рамка

| **Активност:** | **Датум:** |
|---|---|
| Објавување на повик | 23.12.2024 |
| **Инфо сесии** | **27.12.2024**<br>**10.1.2025**<br>**14.1.2025** |
| Краен рок за прашања и барања за појаснувања | 20.1.2025 |
| **Краен рок за аплицирање** | **31.1.2025** |
| Административна проверка и спроведување на постапка за евалуација | 1.2.2025 – 9.3.2025 |
| Известување на успешни пријави | 10.3.2025 - 14.3.2025 |
| Процес на преговарање | 15.3.2025 – 21.3.2025 |
| Склучување на договори | 22.3.2025 – 31.3.2025 |
| Датум на отпочнување на проекти | 1.4.2025 |

## 10. Информативни сесии и појаснувања

10.1 Евентуални прашања и појаснувања во врска со повикот можат да бидат поставени на информативни сесии кои ќе бидат организирани од МЗМП. Дополнително, во рамки на сесиите ќе биде вклучена кратка презентација за Пристап заснован на човекови права и родова интеграција. Апликантите може да се обратат и по писмен пат на e-mail: contact@myla.org.mk најдоцна до 20.1.2025 година. Сите одговори ќе бидат јавно објавени најдоцна до 25.1.2025 година.

**Временска рамка за одржување онлајн информативни сесии:**

- 27 декември 2024 година од 10:00 часот
  - **Microsoft Teams Link**
  - Meeting ID: 373 245 354 483
  - Passcode: n7wZ7gk3
- 10 јануари 2025 година од 10:00 часот
  - **Microsoft Teams Link**
  - Meeting ID: 319 665 064 872
  - Passcode: UP6rN2kH
- 14 јануари 2025 година од 10:00 часот
  - **Microsoft Teams Link**
  - Meeting ID: 358 097 304 10
  - Passcode: FW2Tp2NG